*Доколку се соочите со одреден проблем при пополнување на формата на апликацијата, можете да не контактирате на телефонскиот број 02/3179-592 или на е-меил: opm@opm.org.mk.*

### *Законска регулатива*

Законот за заштита на потрошувачите во повеќе одредби го уредува начинот на кој се заштитуваат колективните интереси и права на потрошувачите преку овластени тела, особено кога се повредуваат одредбите од одделни делови од овој закон, како на пример во доменот на договорите на далечина и договорите склучени вон деловните простории на трговецот; сообразноста на стоките; трговската гаранција; нечесните договорни одредби; нечесните трговски практики, и сл. Исто така кога се заштитуваат колективни интереси и права на потрошувачите преку овластени тела, се земаат предвид повредите на одредбите од: Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити и прописите донесени врз основа на овој закон; Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; Законот за туристичката дејност; Законот за облигационите односи; Законот за електронска трговија; Законот за лековите и медицинските средства; Законот за давање на финансиски услуги на далечина и други закони и прописи.

Па оттука овластени тела за заштита на колективните интереси и права на потрошувачите можат во постапка пред надлежен суд или пред органите за надзор на пазарот, покрај барањата утврдени согласно со посебни прописи, да ги постават и следниве барања: итна забрана или престанување, во итна постапка, на која било повреда; објавување на соодветен начин и форма на одлуката, во целост или делумно, како и барање за објавување исправка и/или јавно извинување, а за целите на отстранување на понатамошните последици од повредата, плаќање судски пенали поради евентуално непочитување на одлуката.



Организацијата на потрошувачите на Македонија, во рамки на надлежностите предвидени со Законот за заштита на потрошувачите, почнувајќи од месец јуни 2024 година, е ОВЛАСТЕНО ТЕЛО ЗА ЗАШТИТА НА КОЛЕКТИВНИТЕ ИНТЕРЕСИ И ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ, а којашто надлежност беше доделена со Решение од страна на Министерството за економија на РСМ.



**ОВА Е МОЖНОСТ ОПМ ДА ГИ ШТИТИ ПРАВАТА НА СИТЕ ПОТРОШУВАЧИ КОГА ИСТИТЕ СЕ ПОВРЕДЕНИ ОД ТРГОВЦИТЕ, ОДНОСНО ОД ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИТЕ, СЕКАКО ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ ТУКА И ДАВАТЕЛИТЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ УСЛУГИ.**

ОПМ

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА - ОПМ

Ул. 50 Дивизија, 10А, 1000 Скопје

За советување обратете се на: телефонски број: 02/ 3179-592;

Е-пошта: sovetuvanja@opm.org.mk,

Facebook:

https://www.facebook.com/organizacijanapotrosuvacitenamakedonija/

Платформата за советување на веб страна http://www.opm.org.mk

ОПМ

BEUC The European Consumer Organisation

# ЈАКНЕЊЕ НА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО ФИНАНСИСКИТЕ УСЛУГИ

*(Enforce Consumer Rights in Financial Services)*



Funded by the European Union

Проектот е финансиран од Европската унија.
За ставовите и мислењата изнесени во публикацијата се единствено одговорни авторите и истите не ги претставуваат ставовите и мислењата на Европската Унија или пак на Европскиот совет за иновации и извршна агенција за мали и средни претпријатија (ЕИСМЕА). Европската унија и давателот на грантот не можат да бидат одговорни за искажаните ставови и мислења.

*Проектот: „Јакнење на правата на потрошувачите во финансиските услуги“ е финансиран од страна на Европската Унија, Европскиот совет за иновации и Извршната агенција за мали и средни претпријатија (ЕИСМЕА) преку Европската потрошувачка организација BEUC.*

*Во рамки на овој проект ОПМ ќе работи на унапредување на правата и знаењата на потрошувачите за можностите на нивна заштита при користење на финансиските услуги. Во рамки на советувалиштето за потрошувачи, ОПМ секојдневно ги советува потрошувачите за нивните права, ги заштитува нивните интереси и им помага во решавање на проблемите кои тие ги имаат со давателите на финансиски услуги меѓу кои: банките, штедилниците, финансиските друштва, давателите на финансиски лизинг и осигурителните компании.*

## *Дигитална алатка*

Во рамки на проектот ОПМ ја изработи дигиталната алатка **ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ**.

Алатката е направена и наменета за користење од страна на сите потрошувачи, а сè со цел да ги претстават своите проблеми кои евентуално ги имаат со еден или повеќе даватели на финансиски услуги.





ОРМ

Даватели на финансиски услуги

Електронски
електронски

Име и презиме *
внесете го вашето име и презиме

Е-маил *
внесете ја вашата е-маил адреса

Контакт телефон *
внесете го вашиот телефонски број
пример: 07xxxxxx

Пол *
изберете
Вашиот пол може да се користи за персонализација, вклучително и како Ви се обраќаме.

Град *
изберете град

Даватели на финансиски услуги *
листа на финансиски услуги

Опис *
опис на вашата поракати

Прикачи документ (фискална сметка, фактура, договор или друго)
Choose Files | No file chosen
максимална големина 3MB, прифатени само: .jpg, .png

Ресетирај

Испрати

Линк до платформата: ПОТРОШУВАЧИ
https://opm.mk/dnfu/app/app/form?id=2lyEsw

***Постапката за пријавување е лесна и едноставна!***

Преку оваа онлајн алатка можете својот проблем да го пријавите со пополнување на формата, каде што е потребно да ги наведете задолжителните податоци за вас и за давателот на финансиските услуги (дадена е целосна листа на сите даватели на финансиски услуги во Република Северна Македонија), опис на проблемот со којшто сте се соочиле, како и да прикачите релевантен документ. ОПМ најнапред ќе ги контактира давателите на финансиските услуги и ќе се обиде спогодбено, на алтернативен начин да го реши проблемот, со цел да има побрза, поедноставна и поекономична постапка за вас. Доколку проблемот не се реши директно со давателот на финансиските услуги, ОПМ ќе ги контактира надлежните институции кои имаат овластувања да вршат надзор над работата на давателите на финансиските услуги и тоа: Народна банка на Република Северна Македонија-НБРСМ (банките и штедилниците), Министерство за финансии (финансиски друштва - брзи кредити и финансиски лизинг), Агенција за супервизија за осигурување - АСО (друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување) и Државен пазарен инспекторат-ДПИ (измамни реклами на финансиски производи и услуги за сите финансиски институции) и ќе се обидеме по институционален пат, заеднички со органите за надзор на пазарот и институциите да го решиме вашиот проблем.

*Во случај да се пријават поголем број оштетени потрошувачи од еден ист давател на финансиски услуги со ист или сличен проблем, а проблемот не може да се реши спогодбено, ќе биде потребно да се поведе судска постапка со ваша согласност за ваше обештетување. ОПМ е спремна да помогне при поведување на оваа постапка за колективна заштита на вашите интереси!*

*Ве молиме да ја користите оваа алатка со цел заеднички да помогнеме на поголем број потрошувачи со спречување на одредено однесување на давателот на финансиска услуга.*